**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет – Скопје**

Институт за безбедност, одбрана и мир

Постдипломски студии од областа на
корпоративна безбедност и безбедносен менаџмент

# ИМПЛИКАЦИИ ОД ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ВРЗ КОРПОРАТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

магистерски труд

**Ментор:**

проф. д-р Тања Милошевска

**Изработил:**

Дарко Јандриоски

индекс: 5276/19

Скопје, 2022 година

**СОДРЖИНА**


1. Вовед....................................................................................................3
   1.1 Проблем на истражување.............................................................4
   1.2. Предмет на истражување.............................................................7
   1.3. Досегашни истражувања..............................................................9
   1.4. Цели и задачи..............................................................................10
   1.5. Дефинирање на основните поими.............................................12
   1.6. Основна хипотетичка рамка........................................................14
   1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето.............16
   1.8. Методи и техники на истражувањето...........................................16

2. Поимовно определување на безбедноста и категоријални поделби на безбедноста....................................................................................................18
   2.1. Поим за безбедност.......................................................................20
   2.2.Приватна безбедност.....................................................................22
   2.3. Корпоративна безбедност.............................................................23
   2.3.1. Безбедност на корпоративни информации...............................27

3. Организиран криминал.........................................................................29
   3.1. Организирани криминални групи.................................................32
   3.2. Профили на жаришта на организиран криминал.........................38

4. Транснационален организиран криминал............................................41
   4.1. Меѓународни жаришта на транснационалниот организиран криминал...................................................................................................45
   4.2. Балкански рути...............................................................................47
   4.3. Транснационалниот организиран криминал како закана за корпоративната безбедност..............................................................................51

5. Корпоративна безбедност и корупција..................................................54
   5.1. Граѓанска одговорност на корпорациите.......................................57

6. Перење пари..............................................................................................65
7. Сличности и разлики помеѓу криминалитетот на белите јаки со организираниот/корпоративен криминал.......................................................74
   7.1. Државен криминал и практики на комерцијалните корпорации.......................................................................................................76
   7.2. Студии на случај на криминал на белите јаки..................................83
8. Препораки за Северна Македонија.........................................................89
9. Заклучок......................................................................................................93
10. Користена литература.............................................................................100

# 1. Вовед

Задачата да се оствари безбедност во современиот свет е комплициран политички, научно-технолошки и социо-економски проблем. Бидејќи самата безбедност е сложена и мултифакторска исто така, нејзиното истражување треба да биде од интердисциплинарен карактер.

Во суштина се менуваат карактерот на безбедносното опкружување, карактерот на безбедносните ризици и закани, како и карактерот на алатките за нивно отстранување. Основата на безбедноста на општествениот субјект се состои во уредување на условите за нивното постоење, опстанок во сегашното време и напредување во иднината. Обезбедувањето на оваа состојба значи дека се реализирала можноста на општествените субјекти да ги елиминираат заканите кои се дефинирани.

Концептот за безбедност е често употребуван поим и директно или индиректно се поврзува со постоењето на човекот како индивидуа, како и со малите и големите општествени групи. Литературата предложува разновидни дефиниции за безбедноста, што е доказ за различните пристапи кон разбирањето на содржината и значењето на терминот. На различен пристап кон дефиницијата за безбедност влијае и референтниот објект: различни дефиниции се користат при дефинирањето на приватната безбедност, различни во однос на друга национална, меѓународна безбедност, корпоративната безбедност, безбедноста на корпоративните информации итн.

Референтен објект, односно предмет на овој труд е корпоративната безбедност како фактор на националната безбедност, која како современа деловна функција има за цел да ги спречи сите активности од страна на транснационалниот организиран криминал, коишто можат да им наштетат на безбедноста на имотот, лицата, или угледот на компанијата, а со тоа да го загрозат деловниот континуитет, што во крајна цел би имало негативно влијание над националната економија, а со тоа и на националната безбедност.

Во обид да се направи детално истражување на предметот на трудот и за реализација на целите на студијата, почнувајќи со општата цел, која е научна дескрипција, анализа и идентификација на импликациите од

транснационалниот организиран криминал врз корпоративната безбедност, спроведени се емпириска и теоретска анализа. За пологично претставување и подетален увид во материјата, магистерскиот труд е концептиран во три дела: првиот, односно **теоретскиот дел** во кој е реализирана теоретската основа на трудот преку детален преглед на релевантните поими од селектираната референтна литература, втор дел, односно **емпириска студија** во која е направена статистичка и компаративна анализа на акумулираните бројни показатели за импликациите од транснационалниот организиран криминал врз корпоративната безбедност, и завршен дел, односно **заклучни разгледувања** за стекнатите сознанија од теоретското и емпириското истражување.

Имено, крајниот дел се состои од унификација на теоретските и емпириските податоци и индуктивен преглед над истите, сѐ со цел да се идентификуваат најдобрите практики за осигурување на корпоративна безбедност од заканата на транснационалниот и другите видови криминални импликации.

Во воведниот дел од истражувањето, кој му претходи на теоретскиот дел, се претставени методолошката рамка, проблемот, предметот и целите на истражувањето, хипотетската рамка и варијаблите за нејзиното потврдување (или отфрлување), како и научната оправданост на истражувањето.

## 1.1. Проблем на истражување

Трендот на развој на криминални активности и безбедносни предизвици и закани во корпоративното опкружување е сеприсутна појава.

Во денешното општество на ризици и закани, безбедноста е производ на кој треба да се обрне повеќе внимание и соодветен системски пристап. Обезбедувањето безбедност во компаниите и другите јавни и приватни организации кои носат придобивки што се рефлектираат на полето на конкурентност, одржливост и развој во многу тешки финансиски

околности обезбедува правилно функционирање на организацијата во постојаното променливо безбедносно опкружување оптоварено со разни форми на безбедносни закани.

Современите корпоративни безбедносни активности вклучуваат мерки и активности за откривање и спречување мито, корупција, индустриска шпионажа, еколошки инциденти, злоупотреба на службена должност, перење пари, мобинг, како и безбедност на информациони системи, управување со ризици и развој на планови за континуитет на бизнисот во случај на големи инциденти и други безбедносни закани.

Динамичните промени во опкружувањето во кое функционираат организациите од јавниот и приватниот сектор нè натера да сфатиме дека е невозможно целосно да се обезбеди целосна безбедност на деловните процеси. Принудени сме постојано да се прилагодуваме и континуирано да ги проценуваме ризиците и заканите што го загрозуваат непреченото работење на корпоративните организации. Овие процени се неопходната основа што ни овозможува во следните чекори, засновани на нашите ресурси и можности, да преземеме соодветни мерки за да обезбедиме управување со безбедноста и другите ризици на доволно ниво.

Целите и задачите на безбедноста на претпријатието, како и специфичните активности што произлегуваат од нив, се условени од нивната основна функција – заштита на имотот, лицата и бизнисот, но и од претходно дефинирани организациски цели. Поставените цели на компанијата (краткорочни, среднорочни и долгорочни), функцијата на корпоративната безбедност ги артикулира низ призмата на безбедноста и на тој начин ги одредува специфичните задачи на нивното спроведување. Задачите се остваруваат преку превентивни активности, заштитни активности и активности на деловен континуитет во случај на поголемо нарушување на безбедноста.

Активноста на корпоративната безбедност е претежно од превентивна природа, додека напорите на компанијата, т. е. нејзините претставници се насочени кон обид да го базираат фокусот на безбедносните активности на компанијата кон превентивна работа.

Превенцијата вклучува елиминирање на можностите и условите што можат да доведат до нарушувања на безбедноста. Во областа на корпоративната безбедност, оваа активност се базира на општа превенција спроведена од актери на национална безбедност, но во рамките на корпоративната безбедност.

Континуитетот во работењето, заштита на клучните информации и безбедност на работата се неопходните предуслови кои обезбедуваат организацијата да работи и да се развива ефикасно. Во случај на поголеми мултинационални корпорации, токму заради нивното глобално присуство, обезбедувањето соодветно ниво на безбедност е уште попредизвикувачки процес. Управувањето со безбедноста на претпријатијата мора систематски да се насочува, земајќи предвид цела низа надворешни и внатрешни фактори кои влијаат на ефективноста на овој процес.

Македонија има потреба од корпоративна безбедност во поглед на компаниите и фирмите кои се застапени на нашата територија. Со помош на корпоративната безбедност се постигнува намалување на ризикот на работа на минимум во компаниите и фирмите и со тоа се намалуваат заканите, како и несаканите последици кои може да настанат врз компаниите или фирмите, со што директно или индиректно се загрозува нивната безбедност, а со тоа и опстанокот на домашниот и странскиот пазар. Гледано од аспект дека компаниите во голема мера придонесуваат за општеството, но и економската состојба за Македонија, се согледува и самиот факт на значењето на корпоративната безбедност и потребата од корпоративна безбедност во нашата земја.

Со самиот факт се јавува и потребата да се заштити истиот имот, па и потребата од корпоративната безбедност е неопходна за стабилност и просперитет, но пред сè за безбедност на компаниите.

Корпоративната безбедност претставува современ систем на функционирање, на заштита на лица, имот, како и начинот на работа во сферата на работењето на една современа организација. Во современото опкружување и современиот свет, безбедносните предизвици и секојдневните закани за безбедноста на компаниите во нивното деловно работење сè повеќе земаат голем замав во однос на ризиците и заканите кои

беа актуелни во минатото. Корпоративната безбедност има за цел да осигури витални вредности и сигурна иднина на една современа компанија во склад со важечките законски одредби во државата во која компаниите функционираат и со тоа да се оправда своето место во системот на националната безбедност. Со самиот факт дека корпоративната безбедност не може сама да функционира, потребна е и соодветна функционална рамка, па многу битен сегмент претставува улогата на приватната безбедност во склопот на националната, односно државната безбедност.

Корпоративната безбедност заедно со останатите чинители на националната и државната безбедност треба да биде организирана во системот кој одговара на механизмите на меѓусебно фунционирање на безбедносниот систем.

### 1.2. Предмет на истражување

Предмет на овој труд е корпоративната безбедност како фактор на национална безбедност, која како современа деловна функција има за цел да ги спречи сите активности од страна на транснационалниот организиран криминал што може да му наштетат на безбедноста на имотот, лицата или угледот на компанијата и со тоа да го загрозат деловниот континуитет.

Постојат разновидни облици кои го загрозуваат секојдневното деловно работење на современите корпорации. Исто така, сложени се и етиологијата и феноменологијата на овој криминалитет. Но, и покрај тоа, постои постојан тренд на раст на кривичните дела од оваа област. Оваа состојба е поврзана со примената на дигитализацијата и информатичката технологија во деловниот свет.

Корпоративната безбедност опфаќа и низа анализи на ризици кои може да настанат и да бидат закана за една современа компанија или современа фирма и како истите ефикасно и ефективно да се надминат и решат. Државниот безбедносен систем гарантира основно ниво на безбедност, но условите кои ги гарантира корпоративната безбедност се сложени и имаат за цел целосна заштита на имотот и функционирањето на фирмите или компаниите.

Изворите и облиците на загрозување на безбедноста на корпорациите може да бидат: техничко-технолошки акциденти, елементарни непогоди, кривични дела со кои се нанесува штета на деловното работење на субјектите (диверзија, тероризам, саботажа, уништување или оштетување средства за производство и уништување производи), кривични дела од класичниот криминалитет, кривични дела од стопанскиот криминалитет кој го вршат вработените, најчесто во договор со деловните партнери (злоупотреба, корупција, мито, проневера, кражба, договарање или работење на штета на компаниите), кривични дела – предизвикување општа опасност и кривични дела против здравјето на луѓето и животната средина, кривични дела со употреба на информатичката технологија, сообраќајни несреќи и незгоди, протекување на доверливи податоци, прекршоци (кршење на работната дисциплина, отстапување од пропишаната организација на работа, пречекорување или узурпирање на надлежностите и овластувањата, неспроведување или делумно спроведување на пропишаните процедури, несовесно работење), социјални и други немири во корпорациите.[1]

Паралелно со ова, мора да се има предвид и фактот дека ризиците и заканите по безбедноста и сигурноста на резидентните компании се зголемени како никогаш до сега. За разлика од порано како резултат на современите трендови наметнати од процесот на глобализацијата, претпријатијата се изложени на ризици кои се неминовни и составен дел од концептот и стратегиите за остварување профит. Потребата од имплементација на современи безбедносни технологии и стратегии во таа насока е неминовност од приоритет затоа што ги прогнозираат трендовите на безбедноста, од кои пак зависи и комодитетот на сопствениците на денешните корпорации.[2]

Развојот на безбедно општество и примената на сите безбедносни практики и процеси преку соработка на сите засегнати страни ќе обезбеди

---

[1] Trivan D. (2012). *Korporativna bezbednost,* Beograd, str. 42-43.
[2] Козарев А., Блажески В., Страторски А. (2016). *Приватната безбедност во Република Македонија -теоретски и институционален дизајн,* Зборник од втора меѓународна научна и стручна конференција во организација на Асоцијацијата за корпоративна безбедност, Скопје, стр. 14-17.

бизнисите да останат доверливи и достапни за клиентите, а со самото тоа и профитабилни.[3]

Значителни промени ќе се случат и во активностите на криминалните организации, почнувајќи од прилагодување на постојните структури на новите технолошки услови, зголемување на анонимноста, подобрување на заштитата на комуникациите и безбедноста на сторителите, сè до промена и активност на интернет, односно криминални пазари и развој на нови методи и техники на напад и експлоатација на жртви.[4]

Своето место во склопот на системот на државната безбедност корпоративната безбедност го остварува на двоен начин. Примарно, вршејќи ја својата основна функција за заштита на компаниите или фирмите и, како второ, имајќи сопственичка и организациона структура – корпоративната безбедност припаѓа во сегментот на приватна безбедност и не е зависна од државата.

### 1.3. Досегашни истражувања

Дел од научните трудови кои ја покриваат оваа проблематика се изработени од автори и се однесуваат претежно на анализа на феноменот на транснационалниот организиран криминал без да направат поврзаност, односно интеракција со корпоративната безбедност. Во научната литература во Македонија не постојат анализи за импликациите од транснационалниот организиран криминал врз корпоративната безбедност.

Идејата за истражувањето е резултат на поттикот да се дојде до одредени научни и практични сознанија, како и да се осознаат начините и методите кои придонесуваат кон една комплетна анализа, за да се дознае што всушност се прави на тоа поле, за да се формира целосна слика за

[3] Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022, Верзија 1,2, Министерство за инфоратичко општество и администрација, Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана, јули 2018.
[4] Leukfeldt, E. R. (2015). Organised Cybercrime and Social Opportunity Structures. A Proposal for Future Research Directions. *The European Review of Organised Crime*, *2*(2), 91-103.

импликациите од организираниот криминал врз корпоративната безбедност. Ова истражување кое е планирано да се спроведе ќе го заземе вистинскиот аспект во однос на зголемување на истражувањата во оваа чувствителна област. Поради фактот што проблематиката е актуелна, а севкупноста на сите елементи е во корелација со последните настани во светот, нејзината динамика како истражувачки проблем го заслужува потребното внимание.

Со оглед на недостатокот на научна опсервација на транснационалниот организиран криминал од оваа перспектива и на недостиг на анализа на начините на кои овој проблем го покажува (и на тој начин влијанието што таков приказ може да го има врз корпоративната безбедност), анализата на новите начини, модалитети и последици од дејствувањето на транснационалните организирани криминални групи е основна определба на овој труд за да понуди свој придонес кон постојните истражувања.

### 1.4. Цели и задачи

Општата цел на ова истражување е научна дескрипција, анализа и идентификација на импликациите од транснационалниот организиран криминал врз корпоративната безбедност.

**Посебни цели:**

- ✓ Целта на ова истражување е да ги согледа предизвиците што ги носи сериозниот организиран криминал за растот, развојот и угледот на корпорациите.
- ✓ Да се испита улогата на ефективен пристап предводен од разузнавачки информации за откривање, спречување и ублажување на таквите активности.
- ✓ Да се издиференцираат појавните облици на современите безбедносни облици на транснационалниот организиран криминал

кои се најзастапени и најопасни за корпорацијата и нејзините вработени.

- ✓ Да се определат новите начини/модалитети на реализирање на напади врз корпорациите и компаниите.
- ✓ Утврдување на безбедносните последици од транснационалниот организиран криминал врз корпоративната безбедност.

Со оглед на целите, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

— Да се утврди нивото на меѓународна соработка и потребата од нејзино продлабочување, со цел постигнување успешни резултати на полето на соочување со транснационалниот организиран криминал.

— Да се согледа дали со успешното сузбивање на современите безбедносни предизвици, попрецизно, транснационалниот организиран криминал, ќе се придонесе кон јакнењето на безбедноста на корпорацијата на национално, регионално и меѓународно ниво.

— Да се утврди дали со подобрувањето на деловните политики во корпорациите преку посебни правилници, посебни безбедносни протоколи и посебни безбедносни стандардни процедури ќе резултира со намалување на интензитетот на можните закани и предизвици поставени од страна на транснационалниот организиран криминал.

— Да се согледа дали корпоративната безбедност може да одговори адекватно на променетите состојби и на сè поголемата изложеност на секторите од импликациите на транснационалниот организиран криминал.

## 1.5. Дефинирање на основните поими

- **Безбедност**

Безбедноста можеме да кажеме дека е состојба на сигурност, стабилност, независност, заштитеност или неизложување на опасност и неизвесност. Основен атрибут и адут на секоја држава е заштитната и сигурносната функција на населението, така и во корпорацијата.

Под поимот безбедност подразбираме и состојба на заштита на основните вредности на општеството, односно заштита на вредностите во соодветната организација, функција, систем или севкупно.

Безбедноста во корпорациите е состојба во која се смета дека нема опасност од страни или внатрешни тела, од политичка принуда или економска присила, на начин на којшто може слободно да се развиваат во својата сфера.

- **Приватна безбедност**

Под приватна безбедност се подразбира планска, организирана и законски заснована, самостојна или заедничка дејност и функција на поединци, претпријатија, приватни и/или професионални агенции, насочена кон сопствена заштита или заштита на други, како и заштита на соодветни лица, простор, објекти, работење или дејност, а кои не се покриени со ексклузивна заштита на државните органи. Карактеристична област на делување на приватната безбедност е токму во доменот на обезбедување лица, имот и работењето на претпријатијата и други правни лица. Имајќи ги предвид нејзините содржина и значење, приватната безбедност може да се дефинира како потсистем на безбедносниот систем.

- **Корпоративна безбедност**

Корпоративната безбедност е нов концепт кој се фокусира на прашањата поврзани за безбедноста во компаниите, односно

корпоративната безбедност е насочена кон детектирање на криминал, измама и прекршоци во компанијата. Тоа значи дека со постоење на ефикасен систем на корпоративна безбедност компанијата ќе биде заштитена од различни опасности кои можат да попречат во нормалното функционирање на корпорацијата, како и заштита на имотот, на бизнисот, на сопствениците и на вработените од различни ризици и закани кои се составен дел на современото живеење.[5]

- **Безбедност на корпоративните информации**

Безбедноста на информациите подразбира заштита на информацијата од низа закани, сѐ со цел да се обезбеди континуитет на работењето, да се минимализира потенцијална штета, и да се максимизираат резултатите.[6]

- **Организиран криминал**

Советот на Европа (2002) го дефинира организираниот криминал како незаконски активности извршени од структурирана група од три или повеќе лица која постои за подолг временски период со цел за извршување сериозен криминал преку заеднички активности со користење заплашување, насилство, корупција и други средства со цел директно или индиректно да се добие финансиска или друга материјална корист.

Организираниот криминал се реализира заради постигнување на добивка (профит) или моќ (власт), планско вршење на кривични дела, кои секое поединечно или сите во својата вкупност се од значителен значење и кога повеќе од двајца учесници (чинители) во подолг или неодреден временски период учествуваат во поделба на трудот, секој со својата улога и задача, внатре во одредени хиерархиски и деловни структури, со примена

---

[5] Бакрески, О, Триван Д, Митевски, С. (2012) *Корпорациски безбедносен систем*, Комора на Република Македонија за обезбедување на лица и имот, Стеда-графика, Скопје.

[6] Арсовски А. (2017). *Компаративна анализа и детален приказ на процесот на сертификација на информациски системи во државните институции на Република Македонија*, Универзитет Гоце Делчев, Штип, стр. 26-27.

на насилство или други погоди начини на застрашување, со влијание на политиката, на медиумите, на јавната управа, на правосудните органи или стопанството.[7]

### ➢ Транснационален организиран криминал

Според определбите на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал[8], казненото дело по својата природа е транснационално ако:

A) тоа е извршено во повеќе од една држава или
B) тоа е извршено во една држава, но главниот дел од неговата подготовка, планирање, насочување или контрола се случило во друга држава;
C) тоа е извршено во една држава, но вклучува организирана криминална група којашто врши криминални активности во повеќе од една држава;
D) тоа е извршено во една држава, но последиците се во друга држава.

## 1.6. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за транснационалниот организиран криминал како закана за корпоративната безбедност и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување, ќе ја поставам следнава општа хипотеза: Транснационалниот организиран криминал

---

[7] М.Шкулиќ (2003). „Организирани криминалитет " Досије, Белград, стр.26.
[8] Конвенција на Организацијата на обединетите нации против транснационалниот организиран криминал (точка 3), усвоена на Генералното собрание (педесет и петто заседание), ноември 2000 год.

претставува современа безбедносна закана која има негативни импликации врз корпоративната безбедност.

**Посебни хипотези:**

- ✓ Корпоративната безбедност функционира во рамките на системот на компанијата, обезбедувајќи законитост во нејзината работа и заштита од внатрешни и надворешни закани за деловните активности и интересите на компанијата.
- ✓ Унапредувањето на соработката со меѓународните полициски организации е од суштинско значење за справување со транснационалниот организиран криминал.
- ✓ Воспоставување ефикасни процедури за пријавување и истражување на организиран криминал ќе резултира со намалени негативни импликации на корпоративната безбедност.
- ✓ Дејствувањето на структурите на транснационалниот организиран криминал станува поинтензивно и дејствува негативно врз загрозувањето на корпоративната безбедност.
- ✓ Преку соработка на сите засегнати страни за унифицирање безбедносни норми, стандардизирање на соработката ќе се воспостави задолжително ниво на заштита за субјектите кои управуваат со корпоративните структури.
- ✓ Усогласување на безбедносните активности на компанијата со другите сегменти на безбедноста на општеството и државата, постигнување функционален и успешен систем на национална безбедност, ќе резултира со систем способен да спречи закани од разни форми на транснационален организиран криминал.

**Варијабли**

*Предикторска варијабла (независна варијабла)*

–Корпоративна безбедност

*Критериумска варијабла (зависна варијабла)*

–Незаконските активности на транснационалните организирани криминални групи и/или организации.

## 1.7. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти во врска со транснационалниот организиран криминал и неговите импликации врз корпоративната безбедност.

Основата на научното значење на истражувањето се рефлектира во фактот дека областа на корпоративната безбедност како фактор на националната безбедност е недоволно научно истражувана и дека е важен елемент во современите општествени односи.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат слабите елементи и недостатоци на системот за национална безбедност во кој корпоративната безбедност претставува сегмент, а со чие подобрување би се зголемила ефикасноста во справување со новите глобални закани.

## 1.8. Методи и техники на истражувањето

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојувам со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да се добие една систематизирана целина.

Компаративниот метод на анализа се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа да се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените тези. Овој метод се користи за споредување на сите податоци добиени со претходно користење статистички методи и анализа на содржината кои се однесуваат на бројните

показатели за импликациите од транснационалниот организиран криминал врз корпоративната безбедност.

Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка, односно техника за собирање податоци ќе се користи анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

## 2. Поимовно определување на безбедноста и категоријални поделби на безбедноста

Безбедноста опфаќа повеќедимензионални хетерогени занимања, вештини и знаења;[9] додека нејзиниот широко опфатен спектар на практика вбројува многу различни делови, како што се националната безбедност, јавната безбедност, корпоративната безбедност, приватната безбедност итн.[10] Таквата различност отежнува да се обезбеди единствена опфатна дефиниција за овие аспекти, бидејќи дефиницијата зависи од применетиот контекст. Еден таков контекст е корпоративната безбедност.

Корпоративната безбедност е дискретен дел од овој поголем безбедносен домен со различни двигатели и вештини. Практикувачкиот сектор е тој што обезбедува услуги за внатрешна безбедност и функционира во рамките на јавно или приватно претпријатие за заштита на ценетите средства. Прикривањето на нормативната и емпириската дебата во концептуалната реторика ги преувеличува концептуалните разлики помеѓу застапниците на различни безбедносни политики и ја попречува научната комуникација. Според тоа, иако корпоративната безбедност генерално има јасна оперативна функција во заштитата на персоналот, информациите и средствата од штета, повеќето автори сугерираат на отсуството на универзално прифатлива дефиниција.[11]

Корпоративната безбедност е област на практика која обезбедува заштита на луѓе, информации и средства за одредена организација, компанија, тело или група.[12] Корпоративната безбедност, исто така, претставува област на практика преку која извршната власт врши контрола и одговорност на организацијата, ефикасно управувајќи со безбедноста.

---

[9] Brooks, D. J., & Corkill, J. (2014). Corporate security and the stratum of security management. Во K. Walby, & R. Lippert, *Corporate Security in the 21st Century. Crime Prevention and Security Management* (стр. 216-234).
[10] Brooks, D. J. (2010). What Is Security: Definition Through Knowledge Categorisation. *Security Journal*, 23/3, 225–239.
[11] Fischer, R., & Green, G. (2004). *Introduction to Security* (7th изд.). Boston: Butterworth Heinemann.
[12] Brooks, D. J., & Corkill, J. (2014). Corporate security and the stratum of security management. Во K. Walby, & R. Lippert, *Corporate Security in the 21st Century. Crime Prevention and Security Management* (стр. 216-234).

Три декади по завршувањето на Студената војна, кон крајот на втората деценија на новиот милениум, концептот и дискурсот на безбедноста станува сѐ пообемна и покомплексна проблематика. Поголеми ефикасност и успех во справувањето со „акутните“ и „хронични“ безбедносни проблеми не беа остварени ни со засилувањето и продлабочувањето на меѓународната соработка.[13]

Придонес во решавањето на безбедносните проблеми не направи ни екстензивната и разновидна плејадата од референтни безбедносни објекти бидејќи сѐ уште се применуваат застарени методи за справување со безбедносните предизвици.[14] Од тие причини, безбедносниот концепт се продлабочува, а со различните димензии на безбедноста се нагласува и неопходноста од поголема заштита на поединецот, заштитата на културата и идентитетот, заштитата на енергијата, ресурсите и инфраструктура, заштитата на имотот, заштитата на корпорациите итн.

Ваквите околности доведоа до прифаќање на новите безбедносни концепти како што се „приватна безбедност“,„општествена безбедност“, „корпоративна безбедност“ и слично.[15] Овие концепти ги изразуваат промените кои настапија во разбирањето на традиционалното поимување на безбедноста, и зголемување на значењето на новите концептирања.

Во согласност со тоа, несомнено може да се каже дека безбедноста претставува феномен кој се изразува преку меѓусебни корелации, чие значење е прилично тешко да се прецизира.

Земајќи го предвид тоа, теоретската основа на оваа студија поединечно ќе направи преглед на основните безбедносни концепти со цел да го одрази целокупното разбирање на безбедноста како суштински значаен феномен.

Во тој контекст за аргументација ќе бидат поставени неколкуте клучни концепти значајни за безбедноста во земјите во современа смисла, и тоа: концептот на приватна безбедност, концептот на корпоративна

---

[13] Bakreski, O., Slaveski, S., & Miovska-Bardjeva, L. (2017). Conceptual and categorical approach toward security. *International yearbook*, 2, 36-50.
[14] Vankovska, B. (2007, April). The Human Security Doctrine for Europe: A View from Below. *International Peacekeeping*, 14(2).
[15] Waever, O. (1993). *Societal Security: The Concept.* New York: St. Martins‟s Press.

безбедност и концептот на меѓународната безбедност, безбедноста на корпоративни информации.

### 2.1. Поим за безбедност

Според разбирањето на природата на безбедноста, можеме да ги класифицираме единичните пристапи на следниов начин:

- Безбедноста е состојба во која ризиците и заканите што произлегуваат од нив се минимизирани или елиминирани.
- Безбедноста е состојба во која дадениот предмет не се чувствува загрозен во однос на неговите правни интереси.
- Безбедноста се подразбира како комплекс на општествени односи регулирани со закон и тие ги штитат правата и оправданите интереси на лицата, социјалните групи и државата.
- Безбедноста се оценува како способност на објектот, настанот, процесот да ја заштити својата природа и основни карактеристики во услови на намерно насочена, нарушувачка и деструктивна активност без разлика дали е однадвор или од внатре во објектот.
- Безбедноста се перципира како карактеристики на системот кои ја изразуваат сопственоста на системот создадена според принципите на стабилност, саморегулација и интегритет; потребна е безбедност за секој системски елемент, бидејќи уништувањето на кој било од системските елементи ќе резултира со уништување на целиот систем.
- Безбедноста се оценува како одлучувачки услов (гаранција) на постоењето на личноста, социјалната група, државата што овозможува [16]заштита и умножување на нивното материјално и културно богатство.
- Безбедноста претставува комплекс на мерки за гаранција и заштита на животните интереси на сите безбедносни објекти. Безбедноста во своето апсолутно значење изразува отсуство на безбедносни ризици и закани кон материјалната и духовната сфера на постоењето.

[16] Hofreiter, L. (2015, December). About Security in Contemporary World. *Securitologia*, 21(1), 7-17. doi:10.5604/18984509.1184208

- Безбедносна основа е минимизирање на безбедносните ризици и закани со тенденција на нивно елиминирање.
- Безбедноста е категорија каде што обезбедувањето се подразбира како дозволена маржа на опасност.

Во согласност со споменатите пристапи се констатира дека во смисла на човекот да биде во сигурност, да биде сигурен, да се чувствува сигурен не значи да живее и да постои без опасности, ризици и закани. Безбедноста не значи само отсуство на безбедносни ризици и закани, туку, пред сѐ, заштита од нив. Безбедносната маржа на човекот, социјалната група, државата, секогаш ќе биде резултат на интеракцијата на надворешните и внатрешните безбедносни ризици и закани и заштитните својства, способностите и можностите на безбедносниот објект. На полето на националната и меѓународната безбедност, најчесто можеме да се сретнеме со традиционалниот, државоцентричен пристап, претставен во Стратегиските студии и раните безбедносни студии, мултисекторски пристап, претставен во Критичните безбедносни студии. Во рамките на студиите е претставен и пристапот познат како парадигма на човековата безбедност. Безбедност на државата, одд. националната безбедност генерално значи способност на државата да обезбеди заштита на својата независност, суверенитет, интегритет, обезбедувајќи ги нејзините секторски суштински потреби, интереси и основни вредности од внатрешни и надворешни закани. Меѓународната безбедност е ниво на меѓународни односи, кое ја обезбедува безбедноста на секоја држава. Тоа е резултат на намерни напори и активности на меѓународната заедница, збир на правила и институции, фокусирајќи се на елиминирање на меѓународните вооружени конфликти, политичка стабилност, стабилен економски раст, минимизирање на влијанието на глобалните прашања. Меѓународната безбедност е отсуството на закана од вооружена агресија, надворешни притисоци; воени како и невоени (политички, економски, економски, културни итн.) во меѓународните односи.

## 2.2. Приватна безбедност

Во современиот свет, растот на приватниот безбедносен сектор е глобален процес. Некои од причините за ова драматично зголемување се однесуваат на масовноста на приватната сопственост и во постиндустриските и во земјите во развој. Од друга страна, стравот од криминал кај оние кои поседуваат имот порасна побрзо од интересот на владите да издвојат повеќе пари за негова заштита.[17]

Приватното обезбедување е една од најбрзо растечките индустрии и се шири во развиените пазарни економии веќе триесет години.[18]

Експертите имаат различни ставови околу тоа што претставува приватно обезбедување, а разликите во дефинирањето најчесто се фокусираат околу работните задачи, влијанието на профитот и клиентот, како и производите и работите асоцирани со нив (производство, дистрибуција, инсталирање опрема и технологија и слично). Во една од своите првични студии, Rand[19] ја дефинира приватната безбедност како „сите видови приватни организации и поединци кои обезбедуваат секаков вид услуги поврзани со безбедноста, вклучувајќи истрага, стража, патрола, откривање лаги, аларм и оклопен транспорт.

Приватниот безбедносен систем е потсистем во безбедносниот систем кој опфаќа сили, ресурси, нивна организација и функција, како и низа дејства и мерки во рамките на организацијата на физичката и техничката заштита за спречување разни криминални и други облици на загрозување на имотот и деловни и други правни лица, лица и откривање на нивните сторители со цел поефикасна заштита на одредени објекти на фирми, правни и физички лица кои работат или престојуваат во нив. Физичка заштита обезбедува службата за безбедност, која ја сочинуваат голем број

---

[17] Clede, B. (1993). *Security officer's Manual*. Rhineland: Lakeland Publishing.
[18] Dancic, M., & Stajic, L. (2008). *Privatna bezbednost*. Banja Luka: Visoka škola unutrašnjih poslova.
[19] Корпорацијата РАНД е американска непрофитна тинк-тенк за глобална политика создадена во 1948 година од компанијата „Даглас Авиокомпанија" за да понуди истражување и анализа на вооружените сили на Соединетите Држави. Таа е финансирана од американската влада и приватни фондови, корпорации, универзитети и приватни лица.

работници кои носат оружје и чија задача е да ги заштитат објектот и неговите станари.

**Техничката заштита** подразбира механичка, електронска и оптоелектронска заштита на објектите и лицата во нив, а најчесто се поставува организациски во рамките на службата за безбедност.

**Безбедносен инцидент** е секој непредвиден настан или инцидент што може да резултира со значителна штета на имотот или повреда или смрт на лице или да предизвика директни или индиректни загуби.

*Формите на закани* се специфични закани кои поединците или компаниите ги чувствуваат и ги спроведуваат сторителите на закани кои можат да бидат поединци или криминални организирани групи.

*Анализа на безбедносни закани*: Процената на заканата е процена на која било реална или потенцијална закана за објект што може да предизвика лична повреда или смрт или уништување имот. Се однесува на постепена или систематска анализа на дејствата и процедурите кои произлегуваат од работниот процес на компанијата со цел да се идентификуваат заканите и да се дадат проактивни препораки, решенија и процедури за нивно отстранување или ублажување на последиците во случај на закана.

### 2.3. Корпоративна безбедност

Корпоративната безбедност е дискретен дел од овој поголем безбедносен домен со различни двигатели и вештини. Практикувачкиот сектор е тој што обезбедува услуги за внатрешна безбедност и функционира во рамките на јавно или приватно претпријатие за заштита на ценетите средства. Прикривањето на нормативната и емпириската дебата во концептуалната реторика ги преувеличува концептуалните разлики помеѓу застапниците на различни безбедносни политики и ја попречува научната комуникација. Според тоа, иако корпоративната безбедност генерално има јасна оперативна функција во заштитата на персоналот, информациите и средствата од штета, повеќето автори сугерираат на отсуството на универзално прифатлива дефиниција.

Корпоративната безбедност е област на практика која обезбедува заштита на луѓе, информации и средства за одредена организација, компанија, тело или група. Корпоративната безбедност, исто така, претставува област на практика преку која извршната власт врши контрола и одговорност на организацијата, ефикасно управувајќи со безбедноста.[20]

Корпоративната безбедност „тежнее да се фокусира на оперативни или микропрашања, наместо на стратегиски прашања". Корпоративната безбедност претставува современ систем на функционирање, на заштита на лица, имот како и начинот на работа во сферата на работењето на една современа организација. Во современото опкружување и современиот свет, безбедносните предизвици и секојдневните закани за безбедноста на компаниите во нивното деловно работење сè повеќе земаат голем замав во однос на ризиците и заканите кои беа актуелни во минатото. Корпоративната безбедност има за цел да осигури витални вредности и сигурна иднина на една современа компанија во склад со важечките законски одредби во државата во која компаниите функционираат исо тоа да се оправда своето место во системот на националната безбедност. Со самиот факт дека корпоративната безбедност не може сама да функционира, потребна е и соодветна функционална рамка, па многу битен сегмент претставува улогата на приватната безбедност во склопот на националната, односно државната безбедност.

Стратегиска цел на секој бизнис е постигнување што поголем профит, односно континуиран деловен успех. За да се постигне ова, одговорното корпоративно управување вклучува прво превентивно идентификување на потенцијалните фактори на ризик, нивна тековна, проактивна анализа и врз основа на тоа усвојување соодветни заштитни мерки и активности, вклучително и безбедноста. Крајната цел е целосно да се елиминираат или минимизираат ефектите од загрозувачките фактори преку системски контролни механизми.[21] Незаменлив услов за ова е корпоративната

---

[20] Baldwin, D. (1997). *The concept of security international studies.* Cambridge University press, 21(1), 5-26.

[21] Lecic, B. (2018). Place and role of corporate security in the national safety system. Во D. Trivan, *Contemporary concept of corproate security* (стр. 175-126). Belgrade: University „Union-Nikola Tesla".

безбедност да е составен дел од стратегиските деловни документи на секоја компанија и да биде на врвот на нејзините приоритети наместо традиционално да се третира како трошок.

Примарната мисија на корпоративната безбедност е да создаде средина во која бизнисите ќе можат да опстанат на пазарот на долг рок со цел да се обезбеди стабилен деловен континуитет. Неговата улога се рефлектира во способноста брзо да се предвидат заканувачките внатрешни и надворешни фактори на ризик (пазар, состојба на економијата, регионални движења, инвестиции, административни процедури итн.) со цел да се преземат соодветни заштитни активности. Корпоративната анализа на потенцијално можните етиолошки фактори на ризик им овозможува брзо да одговорат на бизнисот и да ги поправат во најкус можен рок. Едвард Фриман, професор по бизнис-администрација на Универзитетот „Дарден“ во Вирџинија, зборувал за силниот ефект на внатрешните и надворешните фактори врз деловната активност на една компанија. Земајќи ги предвид корпоративната стратегија и теоријата на засегнатите страни, во 1980-тите, тој го постави принципот на „засегнати страни“, според кој секој деловен субјект се соочува со ефектите на надворешните и внатрешните фактори, кои се интерактивно меѓусебно поврзани, кои влијаат еден на друг. Според Фриман, тие вклучуваат влада и менаџмент, професионални и граѓански власти, вработени и потрошувачи, увозници и доверители, меѓу кои има постојано ривалство. Според него, меѓу овие страни, многу е важно да се развијат кооперативни односи со цел да се обезбеди високо ниво на корпоративна безбедност[22]. Тој смета дека со меѓусебна согласност комуникација и деловен дијалог на ривалските страни, тие ги избегнуваат безбедносните ризици и го воспоставуваат потребниот однос на доверба, што е една од неколкуте функции на корпоративната безбедност. За „владата, компанијата во исто време е извор на државна моќ и мешање во јавната политика“[23], што го прави важно да се

---

[22] Freeman, R. (1984). *Strategic Management: A Stakeholder Approach*. London: Pitman Publishing

[23] Barnet, J., & Muller, E. (1974). *Global Reach: The Power of the Multinational Corporations*. New York: Simon and Schuster

воспостави компромисна рамнотежа, апстрахирана од безбедносниот ризик. Во современи услови, корпоративната безбедност мора во исто време да оптимизира две дијаметрално спротивни цели – од една страна, да овозможи стабилен, растечки тренд што се развива во бизнисот, а, од друга страна, да спречи уште пософистицирани напади врз корпорациите.[24] Деловната иднина на компанијата треба да биде во нивни раце, која во голема мера зависи и се реализира преку функцијата на корпоративна сигурност која овозможува бизнис во најсложени, вонредни околности – кризи, катастрофи и сл. Корисните ефекти и капиталот кој придонесува за корпоративната сигурност се огледа во тоа што таа значително учествува во остварената вкупна добивка на компанијата, при што го материјализира и валоризира својот конкретен ангажман преку аутпут добивката. Меѓутоа, неговите резултати честопати во практика не се опипливи и видливи и тешко дека може математички прецизно да се квантифицираат, што, меѓу другото, е вообичаена карактеристика на ангажманот и работењето на другите безбедносни субјекти. Иако корпоративното обезбедување се дефинира како состојба или отсуство на деловен ризик, таа не може да се смета како статична категорија, туку како динамична, развојна и континуирана активност каде што постојаните безбедносни мерки успешно ги надминуваат негативните ефекти од деловните предизвици и ризици. Според тоа, таа е „планирана, организирана и заснована на закон, независна или заедничка активност и функција на организации, приватни и/или професионални агенции, посветени на сопствената заштита или заштита на другите, како и заштита на соодветни лица, простории, објекти, деловни активности или активности кои не се опфатени со ексклузивна заштита на државните органи[25]. Неговото значење и улога делува не само на претпријатието, компанијата, деловниот систем, туку и на поединецот, општеството во целина, директно или индиректно влијаејќи и давајќи соодветен придонес во системот за национална безбедност.

---

[24] Murray, T., & McKim, E. (2000). *The Policy Issues in Policing and Private security.* Ottawa: Canadian Association of Chiefs of Police.
[25] Stajić, L. (2008). Izazovi korporativne bezbednosti u svetlu savremenog shvatanja pojma bezbednosti, Prvi međunarodni naučni skup „Privatna bezbednost-stanje i perspektive". *Zbornik radova,* Fakultet za pravne i poslovne studije Novi Sad, 27-34

### 2.3.1. Безбедност на корпоративни информации

[45] Miloshevska, T., & Bakreski, O. (2018). Organized crime threats to corporate security. Во D. Trivan, *Contemporary concept of corproate security* (217-234). Belgrade: University „Union-Nikola Tesla".

карактеристики. Тие ги диверзифицираа своите модели и ги зголемија разликите меѓу нив во однос на големината или бројот на членови и структури. Имаше транзиција од преваленцијата на големите организации со хиерархиска структура и високо централизиран систем на одлучување (квази воен во некои случаи) кон комбинација на второто со други организациски модели и пролиферација на помали групи, со пофлексибилен и динамично функционирање и подецентрализирани структури, вклучувајќи помали мрежи практично хоризонтални, од кои некои се создадени спонтано за да преземат само една или неколку активности, но веројатно ќе соработуваат со други структури од поголеми тела или ќе бидат интегрирани во нив.

Поистакнати криминални активности се:

- ✓ заплашување, киднапирање и атентат;
- ✓ прикривање на моделот на корупција и насилство преку легитимни бизниси;
- ✓ трговија со дрога, луѓе, делови од телото и загрозени видови;
- ✓ трговија со оружје и нуклеарни материјали;
- ✓ перење пари и проституција;
- ✓ кражба на интелектуална сопственост и експлоатација на сајберкриминал;
- ✓ користење моќ и влијание за понатамошни криминални активности;
- ✓ изолирање од откривање, санкционирање и гонење.

## 5. Корпоративна безбедност и корупција

На корупцијата во приватниот (бизнис) сектор во Македонија треба да ѝ се посвети сериозно внимание. Корупцијата се појавува во повеќе форми, како поткуп, конфликт на интереси, трговија со влијанија, тајни договори, непотизам и др. Тоа води кон нарушување на легитимната конкуренција и намалување на довербата во властите и во правниот систем.

Претставниците на бизнис-секторот во државата ја рангираат корупцијата како петта најзначајна пречка во водењето бизнис, по високите даноци, честите промени во законите и регулативите, сложените даночни закони и ограничениот пристап до финансирање.[46]

Достапните податоци покажуваат дека, иако се направени неколку подобрувања за независност на судството и за борба против организираниот криминал, постои недостаток од практичен напредок во овие области.

Исто така, административната и бирократската корупција претставуваат уште еден ризик кој влијае на систематскиот напредок и развој на земјата, кој го загрозува економскиот напредок и можностите за приватниот сектор.

Уште повеќе, криминалните мрежи имаат посебен интерес во приватниот сектор и преку активности насочени кон вработени во компании имаат големи можности за извлекување значителни приходи, избегнување регулативи за спречување на перење пари, или олеснување операции на илегалните пазари.[47] Често, напорите на организираниот криминал за влијаење врз вработените во приватниот сектор се надвор од приоритетите на институциите за спроведување на законите и на судските институции. Понатаму, висок процент од компаниите одговорија дека во случај кога службените лица би побарале пари за решавање на некој значаен проблем во бизнисот, тие не би платиле, доколку имаат друга

---

[46] Извештај на УНДОК. (2013). *Бизнис, корупција и криминал*, достапно на: http://www.unodc.org/documents/data-and-analysis/statistics/corruption/Western_balkans_business_corruption_web.pdf

[47] Гунев, П. & Безлов, Т. (2011). *The links between organised Crime and Corruption. Centre for the study of Democracy*. Врските помеѓу организираниот криминал и корупцијата. Центар за проучување на демократијата (ЦИД)

можност за решавање на проблемот. Ограничувањето на можностите за административна и бирократска корупција може да ги намали понудите за поткуп, како и инфилтрацијата на криминални групи.

Интервјуираните лица за потребите на проектот сметаа дека криминалците вообичаено вршат коруптивни активности со администрацијата и бирократијата со цел:

- ✓ Да добијат јавни тендери;
- ✓ Да избегнат данок (даночно затајување);
- ✓ Да избегнат контрола;
- ✓ Да ги заштитат своите монополистички позиции (поретко);

Со цел да успеат, тие мора да поткупуваат јавни функционери или да им биде побарано мито од јавните функционери. Давањето поткуп на јавни службеници за коруптивни активности во рамките на приватниот сектор ја нагласува улогата на корупцијата во секојдневниот бизнис на голем број македонски компании.

Одговорите од интервуираните лица за потребите на проектот покажаа дека дозволите за градба се меѓу најважните интереси на криминалците или на белиот криминал чија цел е да ја корумпираат власта (јавната) администрацијата, по што одреден интерес следува за земјоделството (државни субвенции за земјоделци) и контактите за јавни набавки. Имено, како што посочуваат интервјуираните лица, клучните индустрии во кои има поврзаност помеѓу криминалните групи и поединци се: градежната индустрија, индустријата за управување со отпад, туризмот, осигурителните компании, индустријата за тутун, итн. Перењето пари е идентификувано како една од клучните причини за користење на корупцијата во градежната индустрија.

Бизнис-анкетата на МЦМС за потребите на овој проект укажа пак дека компаниите требало да исплаќаат неслужбени исплати или да даваат подароци за: добивање градежна дозвола (2 %), добивање лиценца (2,50 %), добивање кредит од банка (1,75 %) и околу 3,5 % или 14 компании од 400 требало да дадат неофицијални исплати за време на инспекции од соодветни владини служби.

Бизнис-анкетата на МЦМС за корупција и организиран криминал, 2014 ја покажува и прифатливоста, односно неприфатливоста на корупцијата од страна на деловните субјекти. За секој четврти претставник од деловниот сектор (26 %) е прифатливо доколу службеници во министерствата, општините или градоначалници одлучат да прифатат покана за бесплатен ручек/вечера, а за возврат да решат некој личен проблем. Претставниците на деловниот сектор најмалку очекуваат да добијат доверливи информации од страна на овие лица, односно дури 94 % од испитаниците одговорите дека не очекуваат.

Ваквите податоци укажуваат дека во бизнис-секторот е поприфатливо да се прифати одреден тип поткуп, како ручек или вечера за проблем од лична природа, отколку да се споделуваат доверливи информации кои веројатно се сметаат како закана по нивниот бизнис и работата на нивната компанија.

Од друга страна, пак, доколку се земат предвид важноста на информациите и потребата од доверливост во бизнис-секторот, постои можност дека компаниите биле внимателни во своите одговори. Личниот директен контакт е секако потенцијал за евентуален коруптивен ризик, додека пак размената на доверливи информации не подразбира и личен директен контакт со што или го намалува ризикот од корупција во приватниот сектор, или пак подразбира нови иновативни решенија на коруптивен ризик, што пак го вклучува и сајберкриминалот.

Бизнис-анкетата за потребите на овој проект исто така покажаа дека, и покрај тоа што случаи на корупција постојат во економското делување, само 6 % од македонските компании преземале мерки со цел да ги откријат/изложат корупциските случаи. Основна причина за тоа како што изјавиле 41,7 % испитаниците е тврдењето дека со нивните активности нема да постигнат ништо и 37,5 % биле уплашени од негативните последици.

Овие бројки потврдуваат дека на приватниот сектор во земјата му недостасуваат соодветни превентивни механизми, како и соодветни казни против корупцијата и против организираниот криминал. Зголемувањето на интегритетот на самите компании исто така може да ги подобри

подготвеноста и храброста на вработените во приватниот сектор да пријават поткуп, како и други коруптивни и кривични дела.

Државната комисија за спречување на корупцијата идентификувала неколку проблеми и закани за појава на корупцијата и конфликтот на интереси:

- Самиот систем за јавни набавки е ранлив од корупција и конфликт на интереси;
- Нетранспарентните и нестандардизираните процедури за концесии и јавно приватно партнество, недостатокот на база на податоци во одредени процедури, недостатокот на централен систем за следење на сите фази на процесот за јавни набавки, некомпетентноста на службениците кои се одговорни за спроведување на процедурите, големите дискрециски права во процесот на носење одлуки во соодветните институции итн.
- Големиот број откажани или неуспешни процедури;
- Недоволното знаење за прашањето на корупција и конфликтот на интереси во рамките на приватниот сектор;
- Недоволните мерки за спречување на корупцијата и зајакнување на интегритетот на приватниот сектор;
- Недоволната свест за Законот за заштита на конкурентноста и недоволно развиените институционални капацитети за спроведување на Законот.

### 5.1. Граѓанска одговорност на корпорациите

Кривичната одговорност на правните лица е особено важна во областа на корупцијата, каде што непречениот поткуп може да биде профитабилен бизнис за корпорациите. Според процените, повратот од поткупот во просек е десет пати поголем од износот на самиот поткуп, а извештаите посочуваат дека околу 15 % од корпорациите низ светот сметаат дека е оправдано да се дава поткуп во одредени околности.[48]

---

[48] Економист (2 јуни 2012 г.), You get who you pay for, www.economist.com.

Граѓанската одговорност на корпорациите, во смисла на прекршоци, постои во сите јурисдикции во светот. Административната одговорност на претпријатијата за неисполнување на обврските кон државата и општините исто така е релативно добро позната, особено во земјите од Централна и Источна Европа.[49] Од друга страна, кривичната одговорност на правните лица е релативно нов концепт што сè уште не е признаен во неколку земји членки на Советот на Европа. Главните аргументи за потребата од надополнување на одговорноста на физичките лица со одговорноста на правните лица се:

- Корпорациите често имаат тенденција да се впушат во поткупување или намерно или со толерирање на култура на корупција. Според тоа, тие треба да бидат одговорни од едноставна причина што правдата го бара тоа.
- Можеби не е правично да се префрли вината на една конкретна личност кога е вклучена сложена, комплексна структура што носи одлуки.
- Корупцијата како општествен феномен не може да се спречи доколку не се најде решение за еден од нејзините извори: корпоративниот профит што ја корумпира државата.
- Превенцијата на корпоративно ниво може да биде поефикасна бидејќи корпорациите размислуваат порационално за економските ризици од некој прекршок отколку што тоа го прават физичките лица. Таквите ризици може да бидат големи: американските фирми коишто се соочуваат со присилни мерки поради поткуп во просек губат 9 % од нивната пазарна вредност.[50]
- Корпоративната одговорност ги поттикнува правните лица да воведуваат антикоруптивни мерки.
- Корпорациите „честопати се средства за давање поткуп и брзо се прилагодуваат на целта. Употребата на разработени

---

[49] Телеграф (27 август 2012 г.), Debt crisis: Greek government signs €330m settlement with Siemens, www.telegraph.co.uk.
[50] Економист (2 јуни 2012 г.), You get who you pay for, www.economist.com.

финансиски структури и сметководствени техники за прикривање на природата на трансакцијата е вообичаена пракса“.[51]

- Конфискацијата на профитот од корупцијата се врши полесно доколку постои корпоративна одговорност.[52]
- Санкциите што се изрекуваат кога постои систем за одговорност на правните лица можат да бидат значителни извори на финансирање за јавниот буџет. На тој начин, јавноста што во крајна линија е жртвата на корупцијата добива надомест за тоа дело.
- Со оглед на тоа што поткупот не е изземен од оданочување, одговорноста на правното лице за поткуп редовно ќе вклучува дополнителен данок на доход за државата по истрагата за поткуп.
- Со оглед на тоа што честопати нема тужител во таквите случаи, нема причина или доволно докази за поднесување граѓанска тужба за вкупната економска штета од самиот поткуп. Оттука, граѓанската одговорност за надомест на штета не би била доволна. Спротивната странка ќе треба да докаже дека, без поткупот, таа би го добила договорот и државата што го доделила договорот на коруптивната компанија ќе треба да докаже дека би го доделила договорот на друг понудувач да не бил поткупот. Ситуацијата станува уште покомплицирана кога спротивните странки се здружуваат со коруптивната компанија за да добијат корист од поддоговори со истата.
- Доказите што се разгледуваат за утврдување одговорност на правните лица често се корисни за утврдување одговорност на

[51] ОЕЦД (6 јуни 2003 година), Бугарија: Извештај од фаза 2 за примената на Конвенцијата за борба против поткупувањето на странски функционери, стр.27, www.oecd.org
[52] Идем стр.27: „Според главните истражители, во случаите на поткуп од странство, отсуството на одговорност на правните лица сериозно ја поткопува корисноста од конфискацијата.“ Покрај тоа, во извештај за следење на Бугарија од 2013 година посочено е дека треба во самиот процес на изменување и дополнување на законите да се воведе одговорност на правни лица во случаи на поткуп од странство: ОЕЦД (мај 2013 година), Бугарија: Извештај и препораки од следењето на фаза 3, стр.3-4, 10-13

физичките лица. Честопати таквите докази не би биле расположливи доколку не била поведена постапка против правното лице. Од друга страна, најчесто користените аргументи против кривичната одговорност на правните лица се следниве:

- Само физичко лице може да одговара кривично затоа што врската помеѓу делото и апстрактната правна фикција не може да постои во смисла на вина (nulla poena sine culpa). Овој поим има особено силно значење во земјите кои неодамна се свртеа кон пазарна економија.
- Системот на кривична правда се заснова врз човекот (заштитни мерки во однос на притворот, ДНК-тестови, итн.).
- Главната санкција во кривичното право, затворската казна, не може да се примени на правно лице.
- Правното лице и неговите чесни сопственици и акционери, честопати се и жртви на корупцијата. Делото сторено од неколкумина од компанијата може да им наштети на угледот на компанијата и на акционерската вредност.
- Гонењето правни лица може да биде полесно одошто гонењето физички лица, а може да доведе до занемарување на гонењето физички лица.

Без да се прави детална анализа на предностите и недостатоците, може да се каже дека одговорноста на правните лица може да биде корисно дополнување на алатките што им се достапни на одделните јурисдикции за борба против корупцијата и други форми на економски и друг криминал, без притоа да се занемари основниот постулат на индивидуалната одговорност за кривични дела.

Во изминатата деценија, практиката на „корпоративни спогодбени решенија“ за справување со корпоративен криминал стана сè почеста. Спогодбените решенија се користат буквално за сите елементи на корпоративните прекршоци како антимонопол, измама, домашен поткуп, затајување данок, нарушувања на животната средина, како и случаи на

корупција во странство.[53] Во таа насока, терминот „спогодба“ се однесува на широк спектар правни алатки познати како „вонсудски решенија“, кои се состојат во договор помеѓу компанија и орган за прогон во насока на решавање корпоративни кривични прашања без целосна судска постапка. Една неодамнешна студија на ОЕЦД се фокусира на зачестената потреба на вонсудски спогодбени решенија меѓу страните потписнички на Конвенцијата за борба против поткупувањето странски функционери во меѓународните деловни трансакции. Истражувањето покажа дека, според информациите што се чуваат во базата на податоци на ОЕЦД за завршени случаи на поткуп во странство, во периодот од 1999 до 2019 година, 44 потписнички на Конвенцијата имале 890 успешни решенија за поткуп во странство, од кои 695 се вонсудски (односно 78 % од решенијата).[54]

Од 2008 до 2016 година, САД собрале 4,7 милијарди долари од корпорациите вклучени во десетте најголеми случаи на поткуп од странство во тој временски период.[55] Трендот продолжува и во 2017 и 2018 година, со заокружувањето на неколку големи случаи. Подолу се наведени најголемите заокружени постапки во согласност со Законот за странски коруптивни практики (ФЦПА), заклучно со септември 2018 година, според обемот (вклучувајќи ги вкупните казни и отстапувања на стекнатиот профит):

1. „Петролео Бразилеиро СА“ (Petroleo Brasileiro SA) – Петробас, Бразил: 1,78 милијарди долари во 2018 г.
2. Компанијата „Телија АБ“ (Telia Company AB), Шведска: 965 милиони долари во 2017 г.
3. „Сименс АГ“ (Siemens AG), Германија: 800 милиони долари во 2008. г.

[53] Александер К. и Коен М. (Alexander C. and Cohen M.), (2015 г.), „The Evolution of Corporate Criminal Settlements: An Empirical Perspective on Non-Prosecution, Deferred Prosecution, and Plea Agreements“, *American Criminal Law Review.*
[54] ОЕЦД (2019 г.), Вонсудско решавање на случаи на поткуп во странствоеѕо: Спогодби и вонсудски решенија на потписничките на Конвенцијата за борба против поткуп, www.oecd.org.
[55] Касен Р. (2016), „The FCPA’s Top Ten“, www.fcpablog.com; Касен Р. (2018 г.), Petrobras smashes the top ten list (and we explain why), www.fcpablog.com.

4. „ВимпелКом“ (VimpelCom), Холандија: 795 милиони долари во 2016 г.
5. „Алстом“ (Alstom), Франција: 772 милиони долари во 2014 г.
6. „Сосиете Женерал СА“ (Societe Generale SA), Франција: 585 милиони долари во 2018 г.
7. „КБР/Халибуртон“ (KBR/Halliburton), САД: 579 милиони долари во 2009 г.
8. „Тева Фармацеутикал“ (Teva Pharmaceutical), Израел: 519 милиони долари во 2016 г.
9. „Кепел Офшор & Марин Лтд“ (Keppel Offshore & Marine Ltd), Сингапур: 422 милиони долари во 2017 г.
10. „Оч-Зиф“ (Och-Ziff), САД: 412 милиони долари во 2016 г.

Давачките што Министерството за правда (МП) на САД му ги наплати на европскиот инженерски гигант „Сименс АГ“ во 2008 година го поставија трендот за високи парични казни за компаниите обвинети за вклученост во поткуп. Паричната казна од 800 милиони долари значеше дваесеткратно зголемување од најголемата претходна казна изречена во согласност со ФЦПА од 44 милиони долари против Бејкер Хјуз, АД (Baker Hughes, Inc.) за наводен поткуп на владини службеници во Казахстан. Според судските списи, „Сименс АГ“, основана во Германија, ги фалсификувала своите деловни книги од 1990-тите и го искористила германскиот регулаторен систем, кој не забранувал поткупувања во странство, а, згора на тоа, истите ги користела како основа за даночни намалувања. „Сименс“ продолжила со поткупување странски функционери и во следната деценија. Кога се изјасни за виновна за прекршување на ФЦПА, компанијата се согласи да плати парична казна од 450 милиони долари на Министерството за правда, како и дополнителна казна од 350 милиони долари со отстапување на нелегално стекнатиот профит на Комисијата за хартии од вредност на САД (КХВ). До денес, вкупната казна од 800 милиони долари што „Сименс“ ја исплати претставува највисока парична казна изречена за една компанија во согласност со ФЦПА.

Покрај тоа, во 2008 година, Сименс се согласи да плати дополнителна парична казна од 395 милиони евра (540 милиони долари) во Германија.

Заедно со другите трошоци, вкупната парична казна што „Сименс“ ја плати во САД и Германија изнесуваше 1,6 милијарди долари.[56] Згора на тоа, Сименс мораше да плати 850 милиони евра за трошоците за адвокати и сметководители.[57]

Случајот со „Сименс“ предизвика низа нови истраги за поткуп низ светот и притоа од конгломератите сѐ повеќе се бараше да платат повисоки парични казни од оние што се изрекуваа пред овој случај. Во 2014 година, францускиот железнички гигант „Алстом“ беше прогласен за виновен поради исплата на поткуп од десетици милиони долари за да добие 4 милијарди долари во проекти од државни организации во земји како Индонезија, Саудиска Арабија и Тајван. Беше утврдено дека „Алстом“, откако профитирал речиси 300 милиони долари од оваа шема, продолжил со своите престапи со фалсификување на книгите и записите за да ги сокрие плаќањата. Подоцна, тие се согласија да го реформираат системот за усогласеност и да платат 772 милиони долари за се стави крај на истрагата.

Слично на тоа, на американската фирма „КБР“ и британската фирма „БАЕ Системи“ исто така им беа наплатени огромни суми од 579 милиони долари, односно 400 милиони долари поради вршење поткуп. „КБР“ беше обвинета откако им плати на владини претставници во Нигерија за да добие договори за инженеринг, набавки и градежни работи во вредност од над 6 милијарди долари, додека, пак, „БАЕ Системи“ беше фатена давајќи лажни изјави за усогласеност со ФЦПА во врска со продажба на оружје. Трендот продолжува горе-долу со ист интензитет. Само во 2012 година, САД собраа 138 милиони долари од корпорации, а бројката ги вклучува само случаите на поткуп во странство.[58]

Други земји исто така предвидоа големи казни. Во 2011 година, францускиот суд ѝ нареди на француската групација за одбранбена електроника „Талес“, заедно со француската Влада, да плати рекордна парична казна од 630 милиони евра (920 милиони долари) поради поткуп

---

[56] Newyork Times (15 декември 2008 година), Siemens to Pay $1.34 Billion in Fines, www.nytimes.com.
[57] Gardian (16 декември 2008 година), Record US fine ends Siemen’s bribery scandal, www.guardian.co.uk.
[58] КХВ на САД, Присилни мерки на КХВ: Случаи со ФЦПА, www.sec.go.

во продажбата на шест фрегати на Тајван во 1991 година за 2,8 милијарди долари.[59] Оваа казна е меѓу највисоките парични казни досега платени во САД.

Без одговорност на правните лица, само некои, или ниедна од горенаведените казни не би биле можни. Покрај тоа, случаите доведоа до гонење на голем број физички лица за кривични дела. На пример, еден од извршните директори на „Сименс“ беше гонет и неговото судење заврши со исплата на 175 000 евра. „Сименс“ од него и неговите колеги побара и доби надомест на штета од милиони евра.

---

[59] Defence Industry Daily (17 април 2014 година), Taiwan’s Frigate Corruption Investigation: Can they Collect? www.defenseindustrydaily.com

## 6. Перење пари

Перењето пари е изворен облик на појава на организиран криминалитет, а произлегува од една од неговите основни цели – остварување на криминален профит.

Со оглед на тоа дека основен проблем на вака стекнатиот капитал е неговата легализација, перењето пари како збир на разни методи на финансиски трансакции, фалсификување документи и деловни манипулации го решава овој проблем кај многу видови организирани криминални активности како што се: профити од трговија со наркотици, луѓе и оружје, даночни затајувања, проституција, комар и рекет.

Во суштина перењето пари како организиран облик на криминалитет се состои од конверзија на имотот стекнат со незаконски приходи, односно прикривање на правната природа на сопственоста на средствата од незаконско потекло, како и нивно вклучување во легални финансиски инвестиции.

Специфичноста на перењето пари и неговите спреги со организираниот криминал се гледа во тоа што истовремено се појавува и како производ и како претпоставка за постоење на другите видови на организиран криминал.

Кривичното дело перење пари е последица на претходни сторени кривични дела со елементи на организиран криминал, но без перење пари криминалната активност не би можела успешно да се продолжи. Непреченото финансиско јакнење □овозможува на криминалната група да ја подобри сопствената способност во однос на конкурентските криминални структури, било со техничко опремување или со влијание на одделни припадници на областа со помош на корупцијата. Корупцијата во овој случај се појавува како еден од „трошоците на работењето“, неопходен за безбедносно преминување од „црни“, односно „сиви“ зони, во области регулирани со правни норми.

Во начините на перење пари спаѓа и формирање на фиктивни правни друштва кои што не секогаш вршат деловни активности, туку служат само за транформирање, односно легализирање на „нечистите пари“. Во овој

случај перењето пари се врши на тој начин што, се врши уплата на незаконски стекнатите средства на сметките на правните лица, кои средства понатаму се префрлаат на голем број сметки во домашни и странски банки, по што средствата се враќаат кај сопственикот како „чисти пари“. Со големиот број на вакви трансакции преку овие сметки се прикрива вистинскиот извод на средствата. Сличен случај е и со злоупотреба на офшор (off shore) компаниите кои што се формираат во оние подрачја каде што има многу либерални закони во поглед на сопственичката структура на правните лица, процесите за основање на правни лица како и отварање на сметки во странските банки, како и ниските даночни стапки и загарантираната тајност на банкарските сметки.

Иако, формирањето на офшор компанија чија основна цел е избегнување плаќање данок во својата земја не е незаконско, тој облик на дејствување овозможува дејности кои го вклучуваат и перењето пари.[60]

Предметите за перење пари се најчесто поврзани како национален финансиски криминал како што се измама во приватизација и даночно затајување, трговија со дрога, изнуда, рекетирање, кражба кримучарење возила, проституција.[61] Најчести начини за перење пари се: инвестиции во недвижен имот, набавка на возила, трансфер на пари преку сметки на физички лица, и бизнис инвестиции со фиктивни кредити. За да се инфилтрираат во економијата, криминалците исто така го користат и туризмот, казината и услугите за ноќен живот.[62]

Организираните криминални групи, исто така, ја користат мобилноста на луѓе за перење пари. Најголемиот дел на вклучените пари

---

[60] Daniloviħ Neђo. (2009) „Metodologija pranja novca kod pravnih i fizickih lica“, *Zbornik 2009.*, Internacionalna asocijacija kriminalista, Banja Luka-Sarajevo., str. 92

[61] Организираниот криминал и борбата против криминалот во западен Балкан: Споредба со Италијанскиот модел и практики. Општ преглед и перспективи за иднината. Споделување на алтернативни практики за искористување на конфискуваните криминални средства (SAPUCCA) 2013.

[62] Организираниот криминал и борбата против криминалот во западен Балкан: Споредба со Италијанскиот модел и практики. Општ преглед и перспективи за иднината. Споделување на алтернативни практики за искористување на конфискуваните криминални средства (SAPUCCA) 2013.

можат да ги компромитираат законските економии и директно да влијаат врз јавните процеси со „купувањето“ на изборите со помош на корупција.[63]

Перењето пари во Македонија најчесто е поврзано со финансиски криминал како што се: затајување данок, криумчарење, финансиски измами и измами за приватизација, поткуп, злоупотреба на службена положба и корупција. Најголемиот дел од испраните профити се резултат на домашни криминални активности.[64]

Постојат два општи фактори кои ги детерминираат трендовите на перењето пари: случувањата во незаконските пазари, и поширокатa финансиска и економска средина. Добар дел од профитот генериран од организираниот криминал се пере со користење на многу едноставни шеми. Мнозинството од учесниците на незаконските пазари не генерираат доволно финансиски ресурси за кои е потребно перење пари.[65]

Анализите на квантитативните податоци покажуваат дека 23 % од македонските компании или речиси секоја четврта компанија гледа на перењето пари како на многу ретка појава, додека пак 12,5 % гледаат како на релативно честа појава и 3 % од компаниите го гледаат како тоа многу честа појава.

Условите на економската транзиција и масовниот прилив на странски инвестиции го потенцираат, според З. Кековиќ, значењето на однесувањето на општествено одговорните компании, а особено на корпорацискиот криминал, како облик на загрозување со потенцијално опасни последици, како поединците, така и општеството во целина. Во таа смисла, општествено одговорното однесување во тргувањето станува важен сегмент на корпорациската безбедност со посредство со кое се остварува (позитивно или негативно) влијание на поширок аспект на националната и на глобалната безбедност, на која државите и меѓународните организации посветуваат сè

---

[63] Конвенција на Обединетите нации против транснационален организиран криминал. Преземено од: http://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/index.html
[64] Конвенција на Обединетите Нации против транснационален организиран криминал. Преземено од: http://www.unodc.org/unodc/en/organized-crime/index.html
[65] Центар за изучување на демократијата. Процена на заканата од сериозен и организирани криминал (SOCTA). * На пазарот на нелегални цигари, на пример, пари кои биле оставени да се исперат не надминуваат 15 % од сите приходи (или 30 000 000 € од 200 000 000 € вкупниот пазар на промет).

поголемо влијание. За разлика од деловниот криминалитет, кој се извршува за лична корист, корпорацискиот криминалитет е наменет за остварување на деловните цели и добивки на самите компании. Помеѓу овие два вида криминал, не секогаш е можно да се повлече јасна граница, бидејќи криминалното работење на компаниите може да донесе многу голема корист и на поединци, особено на оние што се високопозиционирани.[66]

Перењето пари како процес најчесто ги содржи следните три фази: пласман, прикривање и интеграција. Фазите на пласман и прикривање најчесто се одвиваат во рамките на финансиските институции. Имајќи ја предвид реалната можност од злоупотреба на финансиските институции во функција на перењето пари, тие мора да извршат анализа на ризиците на кои се изложени и да најдат ефикасни средства и методи тие да се неутрализират.

Анализата на ризиците на кои се изложени финансиските институции при нивното инволвирање во процесот на перење пари се прави со цел:

- ✓ идентификување, документирање и контрола на ризиците од злоупотреба на финансиските институции;
- ✓ поставување критериуми за идентификација на комитентите или деловните активности кои се најризични за финансиските институции.

Базелскиот комитет за банкарска супервизија наведува четири видови ризици:[67]

1. репутациски ризик,
1. оперативен ризик,
2. правен ризик,
3. концентрациски ризик.

[66] Kekoviħ Zoran (2009). *Sistemi bezbednosti,* Fakultet bezbednosti, Beograd, str. 220-221.
[67] Basel committee on banking supervision: "Customer due dilligence for banks", p. 3

Треба да се нагласи дека овие ризици дејствуваат во меѓусебна корелација. Секој од нив може да доведе до значителни финансиски загуби (преку повлекување на депозитите од страна на комитентите, прекин на односите помеѓу одделни финансиски институции, трошоци за одделни истраги, замрзнување и конфискација на средствата, загуби поради ненаплатени побарувања по основ на одобрени кредити), како и до трошење драгоцено време и енергија за надминување на овие проблеми.

**Репутацискиот ризик** претставува огромна закана за финансиските институции бидејќи природата на нивната активност претпоставува одреден степен на доверба во нив од страна на комитентите, инвеститорите и јавноста во целина. Репутацискиот ризик се дефинира како опасност од губењето на довербата на деловните партнери на финансиската институција поради нејзиниот негативен имиџ во јавноста.

Притоа, не е битно дали има оправдани причини за создавањето на тој негативен имиџ или пак такви причини не постојат. Репутацискиот ризик предизвикува губење на интегритетот на финансиската институција. Банките се особено ранливи кога е во прашање овој вид ризик поради долгорочниот карактер на односите што ги градат со своите деловни партнери. Од тие причини, банките мора да создадат ефикасна програма на познавање на својот комитент.

**Оперативниот ризик** се дефинира како ризик од директни или индиректни трошоци предизвикани од несоодветни интерни процедури и системи, како и од корумпирани вработени во финансиските институции. Овој ризик може да настане и поради одредени настани кои се случуваат во окружувањето на финансиските институции. Најчесто, оперативниот ризик се јавува кога финансиската институција не е во состојба да ги имплементира своите програми и процедури за спречување перење пари и кога не постои адекватен систем на внатрешна контрола.

**Правниот ризик** се појавува кога постои реална можност за започнување одредени судски постапки против финансиската институција или пак кога постојат правни пречки за спроведување на договорите коишто ги склучила со своите комитенти. Супервизорските органи можат да започнат судска постапка против одредена финансиска институција кога

ќе се утврди дека таа не ги почитува законските прописи во сферата на борбата со перењето пари. Последиците од таквите судски постапки по финансиската институција нема да бидат само од правна природа, туку може да предизвикаат и низа други консеквенции.

**Концентрацискиот ризик** се рефлектира врз двете страни од билансот на состојба на една финансиска институција. На страната на активата, овој ризик е тесно поврзан со пласманите на финансиската институција. Финансиските институции се должни да почитуваат одредени лимити кога ги пласираат своите средства кај комитенти кои се капитално, управувачки или роднински поврзани.

Од тие причини, финансиската институција мора добро да ги познава своите комитенти и природата на нивните деловни активности. На страната на пасивата од билансот на состојба, концентрацискиот ризик се рефлектира преку ненадејно повлекување на депозитите од страна на одредени големи комитенти. Тоа штетно се одразува врз ликвидноста на финансиската институција. Овој ризик е особено присутен кај помалите финансиски институции коишто имаат лимитиран број комитенти. Слично како и кај пласманите, финансиската институција мора добро да ги познава своите депоненти и нивното работење за да не се доведе во ситуација да мора да се соочува со посериозни ликвидносни проблеми. Финансиските институции мора да имаат систематски пристап кон анализата на ризиците на кои се изложени. Анализата на ризиците во борбата со перењето пари ги нуди следните бенефиции за финансиските институции:[68]

- идентификацијата на комитентите се врши сеопфатно (се анализира категоријата на која ѝ припаѓа одреден комитент, видот на неговата деловна активност, видот на сметките што ги поседува и дали комитентот настапува во свое или во туѓо име);
- идентификација на ризичните сметки и ризичните трансакции по пат на спроведување сеопфатна политика на познавање на комитентот;

[68] PricewaterhouseCoopers: "Anti-money laundering risk models", p. 12

- соодветна распределба на ресурсите на финансиската институција во процесот на спречување перење пари;
- добивање сознание дека мерките за спречување перење пари се применуваат на соодветен начин во целата финансиска институција.

Моделот заснован врз анализа на ризиците претпоставува постоење три вида ризици:[69]

1. ризик на земја (географски ризик);
2. ризик на деловна активност (ризик на претпријатие);
3. ризик на производ (ризик на трансакција)

1. Ризикот на земја (географскиот ризик) ги дели земјите на земји со висок, среден и низок ризик. Ваквата поделба е условена од: употребата на готови пари како средство за плаќање, стабилноста на политичкиот режим и раширеноста на корупцијата, географската локација на земјата од аспект на производството и прометот на опојни droги и адекватноста на стратегиите за борба против перењето пари.

   Една деловна активност може да биде повеќе или помалку ризична во зависност од нејзината природа и нејзините карактеристики. Казината, игрите на среќа и берзанските трансакции се многу популарни кај субјектите коишто перат пари затоа што кај овие дејности сѐ уште не се развиени ефикасни програми за спречување перење пари. Таквите деловни активности каде што присуството на готови пари во оптек е многу големо мора внимателно да се анализираат и контролираат. Прекуморските (offshore) банки вршат финансиски услуги кои се скриени за пошироката јавност под превезот на деловната тајна. Со помош на финансиските трансакции преку овие банки, перачите на пари купуваат недвижен имот и луксузни стоки и на

---

[69] Deutsche Bundesbank: "AML risk analysis", p. 8

тој начин ги легализираат своите средства. Не е редок случајот и на употреба на преценети фактури преку лажни (shell) компании. Ризикот на претпријатие обично ги опфаќа оние компании кои со помош на одредени трансакции вршат финансирање на тероризмот или се поврзани со одредени политички изложени личности. Финансиските институции мора да бидат во тек со т.н. црни листи на кои обично се наведени називите на тие претпријатија или политички изложените личности кои стојат зад нив.

2. Ризикот на производ се среќава кај оние финансиски производи или услуги кај кои средствата можат слободно да се пратат или да се добијат од трети лица без доказ за нивниот идентитет. Пример за такви производи се телеграфските трансфери, дознаките преку СВИФТ, депозити од трети лица и сл.
Во оваа категорија спаѓаат и тековните сметки на правни и физички лица бидејќи тие се полнат со средства од разни извори на кои не секогаш може да им се утврди идентитетот и легитимитетот. Исто така, ризичен е и брзиот трансфер на пари каде што без некоја посебна документација се овозможува пренос на средствата од една локација на друга.
Ризикот се зголемува и кога криминалните групи стојат зад друштва со ограничена одговорност, прекуморски компании и трустови кои гарантираат анонимност. Обично, ризикот на производ е помал кај големите и добропознатите компании во кои криминалните групи потешко можат да продрат.
Ризикот е најмал кај оние трансакции каде што нема инволвирани посредници и трети лица, туку точно се знае кој е инвеститорот, односно депонентот, а кој примателот на средствата.[70]

[70] Гоце Трајковски (2011). *Спречување на перење на пари кај финансиските институции*, достапно на: https://ufr.gov.mk/wp-content/uploads/2020/05...

***Директива на ЕУ 2018/1673 за борба против перење пари со казнено право***

Директивата на ЕУ од 23 октомври 2018 година за борба против перење пари со казнено право посочува на корупцијата како на предикативно дело за перење пари и содржи конкретни одредби за одговорноста на правните лица. Земјите членки на ЕУ треба да ги спроведат овие одредби во своите национални законодавства до декември 2020 година.

Член 7. Одговорност на правни лица

Земјите членки ги преземаат неопходните мерки за да гарантираат дека правните лица можат да одговараат за кое било од делата од член 3(1) и (5) и член 4 сторени во своја корист од кое било лице што постапува или самостојно или како дел од некој орган на правното лице и што има раководна позиција во рамките на правното лице, врз основа на:

(a)овластување за застапување на правното лице,
(b) овластување за донесување одлуки во името на правното лице или
(c) овластување за вршење контрола во рамките на правното лице.

Земјите членки ги преземаат неопходните мерки за правните лица да можат да одговараат кога поради недостатокот на надзор или контрола од страна на физичкото лице од став 1 од овој член било овозможено извршување на некое од делата предвидени во член 3(1) и (5) и член 4 во корист на тоа правно лице од физичкото лице под негово овластување.

Одговорноста на правните лица според ставовите 1 и 2 на овој член не спречува да се поведе кривична постапка против физичките лица кои се сторители, поттикнувачи или соучесници во кое било од делата наведени во член 3(1) и (5) и член 4.

Член 8. Санкции за правните лица

Секоја земја членка ги презема неопходните мерки за да гарантира дека за правното лице за кое се бара одговорност во согласност со

член 7 може да се применат ефективни, пропорционални и дестимулирачки санкции, кои опфаќаат кривични или некривични парични казни и може да опфаќаат и други санкции како:
а) одземање на правото на користење јавни придобивки или помош,
б) привремено или трајно лишување од пристап до јавно финансирање, вклучувајќи постапки за јавни набавки, субвенции и концесии,
в) привремена или трајна забрана за вршење на трговска дејност,
г) ставање под судски надзор,
д) судски налог за ликвидација,
ѓ) привремено или трајно затворање на објектите што се користеле за извршување на кривичното дело.

## 7. Сличности и разлики помеѓу криминалитетот на белите јаки со организираниот криминал/корпоративен криминал

Сличностите помеѓу организираниот криминал и криминалитетот на белите јаки се согледуваат во тоа што и двата вида се видови професионален криминалитет, односно се вршат како професија и се мотивирани од желбата за обезбедување противправна имотна корист, со претходно добро осмислен план. Овие два вида криминалитет се многу слични по интензитет, политичко влијание, припадноста на владејачки класи, како и имунитетот во однос на полициското и судското гонење.

Разликата се согледува по тоа што организираниот криминалитет се врши од страна на организирана криминална структура и со помош на насилство, додека криминалитетот на белите јаки е во рамки на легална организација, при што злоупотребата на високата општествена функција или раководна позиција се врши во белите ракавици со разни злоупотреби и манипулација во редовната професија. За разлика од организираниот криминал, кај криминалитетот на белите јаки не му е потребна цврста организациона поврзаност, односно припадност кон криминална асоцијација, бидејќи се работи за бизнис, економска или финансиска врска,

втемелена врз идентични интереси, отколку врска на извршители на кривично дело.

Како посебен вид криминалитет на белите јаки е корпоративниот криминал, што ги опфаќа криминалните активности на правните лица, како и поврзаните активности на поединци или на криминални организации во вршењето на нивните професионални дејности и за кое од првостепено значење е организираноста.

Врската помеѓу криминалитетот на белите јаки и корпоративниот криминал е слична, односно и двата вида криминал се вклучени во деловниот свет. Главна цел на корпоративниот криминал е здобивање на незаконит профит на компанијата, отколку личен профит што е случај кај криминалитетот на белите јаки.[71]

Еден добро познат инсајдерски трговски случај во САД е трговецот со акции на „ImClone“[72]. Имено, „ImClone“ е независна биофармацевтска компанија основана во 1984 година со седиште во Њу Џерси. Посветена е на развој на биолошки лекови во областа на онкологијата. Цената на акциите на „ImClone“ драстично се намали кон крајот од 2001 година кога Американската администрација за храна и лекови ќе ја одбие апликацијата за лекови за рак на дебелото црево. Уште пред да го добие отфрлањето, основачот на „ImClone“ Самуел Д. Ваксал се обидел да продаде 80 000 акции на компанијата.

Самуел Д. Ваксал беше уапсен во 2002 година за инсајдерски трошоци за информирање на пријателите и семејството за да ги продадат своите акции. Неговата ќерка, Ализа Ваксал, на 27-ми декември продаде акции во вредност од 2,5 милиони долари. Управниците на компанијата го сторија истото. Подоцна, Самуел Ваксал се изјасни за виновен за разни обвиненија, вклучувајќи ја и измамата со хартии од вредност, а на 10-ти јуни 2003 година беше осуден на седум години и три месеци затвор.

На 6-ти октомври 2008 година, ја прифаќа понудата од 6,5 милијарди долари од „Ели Лили и Компанијата“, и станува целосна подружница на

[71] Петер Готшалк, Разбирање на криминалитетот на белите јаки, поглавје 8
[72] „ImClone“ – биофармацевтска компанија посветена на развој на биолошки лекови во областа на онкологијата.

истата. Во 2014 година употребата на брендот „ImClone“ беше пензионирана, а поранешните истражувачи и производствени локации на „ImClone“ беа преименувани во „Ели Лили и Компанијата“.

Корпоративниот криминал убива многу повеќе луѓе и ги чини даночните обврзници многу повеќе пари од уличниот криминал.

## 7.1. **Државен криминал и практики на комерцијалните корпорации**

Во криминологијата, концептот на државен криминал се однесува на злосторства кои произлегуваат од односот меѓу политиките на државата и политиките и практиките на комерцијалните корпорации.

За да може да функционира како комерцијален/трговски деловен субјект, модерната корпорација бара законска рамка за регулирање и надзор, за да може профитабилно да ги експлоатира релевантните пазари. Инфраструктурата на правото и трговијата е обезбедена од владата на секоја држава во која корпорацијата сака да тргува и постои неизбежна поврзаност меѓу политичките и комерцијалните интереси. Сите држави се потпираат на бизниси за да обезбедат економска основа во согласност со политиката на секоја влада. Без политики кои поддржуваат економска активност, бизнисите нема да бидат профитабилни и нема да можат да обезбедат економска поддршка што државата сака. Во некои случаи, оваа симбиоза може да доведе до извршување злосторства.

*Професионален криминал*

Терминот „професионален криминал“ често се користи за да се опишат одредени видови кривични дела од категоријата „криминалитет на белите јаки“; поточно оние кои вклучуваат злоупотреба на структурните системи на работното место. Повеќето луѓе кои се обвинети за професионален криминал се вработени или менаџери, а во многу случаи и

голема група вработени во исто време. Овие обвиненија може да имаат сериозни последици за личниот живот и деловниот углед на обвинетиот, бидејќи многу обвинети се принудени да платат многу високи парични казни, а во многу случаи се соочуваат и со затворска казна.

Во категоријата на професионални кривична дела спаѓаат различни видови активности, од кои најзастапени се:

- перење пари;
- проневера;
- даночна измама;
- злоупотреба на имот или информации на компанијата;
- злоупотреба на акции и хартии од вредност;
- промена на деловните книги;
- корупција на владини претставници.

Професионалните кривични дела исто така се нарекуваат кривични дела на работното место и главно потекнуваат од пристапот на вработениот до фондови, податоци или имот на компанијата.

*Криминалитет на сините јаки*

Терминот „бела јака" не мора да се однесува на криминална активност, туку на некој што има повисок професионален и социјален статус, кој може да носи костум, вратоврска и кошула со бела боја. Користењето таков статус за незаконска добивка е криминалитет на белите јаки.

Спротивно на тоа, т.н. кривични дела на сините јаки се повеќе индивидуализирани и директни кога ги извршуваат лица од понизок општествен чин и без голема деловна моќ. Таквите кривични дела вклучуваат кражба и поголема веројатност да користат физичка сила, односно насилство.

Кривичните дела на „сините јаки" се способни лесно да го привлечат вниманието на полицијата. Од друга страна, кривичните дела на „белите

јаки“ се тивко спроведени и можеби не се откриени, ниту пријавени, односно таквите кривични дела се таинствени.

Видовите извршени кривични дела се во функција на она што му е достапно на потенцијалниот сторител. Така, оние што се вработени во релативно неквалификувани средини и живеат во внатрешните градски подрачја имаат помалку можности да ги искористат од оние кои работат во средини каде што се случуваат големи финансиски трансакции и живеат во области каде што има релативен просперитет. Кривичните дела на сините јаки имаат тенденција да бидат поочигледни и на тој начин привлекуваат поактивно полициско внимание, како што е вандализам или кражба на автомобили.

*Видови криминалитет на белите јаки*

Криминалитетот на белите јаки обично се врши од оние со посебен пристап до информации или ресурси, со што е овозможено нивното ненасилно злосторство. Овие злосторства обично се вршат електронски од страна на компјутер, но исто така може да се вршат и преку документи. Криминалот на белата јака се однесува на категоријата на кривични дела што обично ги вршат професионалци, а тука спаѓаат: измама, поткуп, проневера, перење пари и кражба на идентитет. Повеќето од овие злосторства се извршуваат со цел да се добие финансиска добивка. Криминалните активности на белите јаки тешко може да се откријат бидејќи сторителите преземаат софистицирани чекори за да осигурат дека нивните нелегални активности се тешки за откривање.

- Измама

Измамата е најпопуларниот криминал на белата јака од листата на прекршоци. Тоа е намерна измама направена за лична корист или за оштетување друг поединец. Измама не е само криминал, туку и прекршување на граѓанското право. Измама на луѓе со пари или скапоцености е најчеста намерна цел, исто така може да вклучува лажно рекламирање, поднесување лажни барања за осигурување и лажна наплата.

Некои примери за измама се: фалсификување, лажно рекламирање, кражба на идентитет, хартии од вредност и даночно затајување.

- Поткуп

Поткупот во „Црниот правен речник“ е дефиниран како понуда, давање, примање какво било вредно нешто што може да влијае на постапувањето на службеното лице или друго лице одговорно за јавна или правна должност.

Иако често се гледа како цена за водење бизнис во некои земји, практиката на поткуп дава неправедни предности на одредени поединци и ја нарушува ефикасноста на пазарите.

- Проневера

Измамничко преземање лична сопственост од страна на некој на кого му е доверено. Најчесто поврзана со проневера на пари. Проневера може да се случи без оглед на тоа дали обвинетиот го задржува личниот имот или го пренесува на трето лице.

- Перење пари

Перењето пари е кривично дело на филтрирање незаконски добиени пари преку серија трансакции дизајнирани да ги направат парите да бидат легитимни. Овој криминал се случува кога лицето кое добива пари од нелегални средства се обидува да ги постави преку канали за да изгледа дека се законски добиени. Перењето пари вклучува три чекори. Прво, парите се депонираат обично во финансиска институција како банка или посредување. Следно, парите се одвоени од своето нелегално потекло по слоеви на често сложени трансакции, што го отежнува следењето на „валканите пари“. Третиот чекор е интеграција. Ова е местото каде што свежи „исчистени“ пари се мешаат со легално добиени пари, често преку купување или продажба на средства.

Понекогаш перењето пари се постигнува со движење на средствата во различни земји, каде што законите може да се разликуваат и не може да се открие нелегитимен извор на некои пари.

Перењето пари им овозможува на криминалните организации да купат заштита за себе и својот профит преку корупција и да ја консолидираат својата економска моќ, навлегувајќи во легалната економија, со што ја создаваат најважната врска помеѓу криминалниот свет и легалното општество.

